**Врз основа на член 6, став 2 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Сл.весник на РМ", број 10/97, 54/97, 13/2001 и 2/2002 година), Владата на Република Македонија донесе**

# ОДЛУКА
# за определување на висината на депозитот и начинот на користење на депозитот со кој се обезбедува исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа

**("Сл.весник на РМ" број 19/2002 и 73/2007)**

**Важи од 14.05.2007 година**

### Член 1

Со оваа одлука се определува висината на депозитот и начинот на користењето на депозитот со кој се обезбедува исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа.

### Член 2

Трговско друштво и здружение на граѓани, кои приредуваат игри на среќа (во натамошниот текст:приредувач), а согласно Законот немаат обврска да формираат фонд на резерви заради гарантирање на безбедноста на работењето и исполнувањето на обврските спрема учесниците во играта, освен приредувачите на игри на среќа во играчница и приредувачите на интерактивни игри на среќа кои формираат фонд на резерви, депонираат депозит кај носителот на платен промет каде имаат сметка за редовното работење во висина утврдена со оваа одлука.

### Член 3

Приредувачот покрај сметката за редовно работење кај истиот носител на платен промет треба да има и наменска сметка на која ќе се депонира депозитот од член 2 од оваа одлука.

### Член 4

Приредувачот за секоја игра посебно депонира депозит во износ и тоа за:

I.Игри на среќа што се приредуваат на основа на лиценца

1. за еден автомат клуб 500.000 денари,

2. лото 6.500.000 денари,

3. спортска прогноза 3.500.000 денари,

4. лотарија 350.000 денари,

5. инстант лотарија 1.000.000 денари,

6. ТВ Томбола 10.000.000 денари,

7. томбола 1.000.000 денари,

8. обложување на спортски натпревари преку интернет 200.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија.

II.Игри на среќа што се приредуваат со одобрение

1. лотарија 350.000 денари,

2. ТВ Томбола 3.500.000 денари,

3. томбола 350.000 денари,

**Член 5**

Приредувачот депонираниот депозит го одржува во износ предвиден во членот 4 од оваа одлука за целиот период на траењето на важноста на лиценцата односно одобрението.

**Член 6**

Приредувачот со носителот на платниот промет склучува договор за начинот и условите на користење на депозитот со кој особено се уредува:

Постапката и условите за подигање на депозитот,

Постапката за присилно подигање на депозитот

Постапката за одржување на еднаков износ на депозитот

Постапката за присилно одржување на еднаков износ на депозитот со префрлање на средствата од редовната сметка

Носителот на платниот промет треба веднаш да го известува Министерството за финансии за секоја промена на износот на депонираниот депозит.

**Член 7**

Постапка за наплата на добивка од игри на среќа од депозитот, кај носителот на платниот промет може да покрене секое полнолетно лице кое од приредувачот ќе добие потврда дека има остварено добивка.

Потврдата од став 1 на овој член треба да содржи:

-име и презиме на доносителот;

-вид на играта на среќа;

-датата на остварување на добивката односно број на извештајот од извршеното извлекување на добивките;

-износ на добивката и

-износ на персоналниот данок што треба да се одбие од добивката.

### Член 8

Приредувачот договорот од член 6 на оваа одлука го доставува до Министерството за финансии на денот на добивањето на лиценцата односно одобрението за приредување на игри на среќа.

### Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”

**Бр.192998/1**

**29 мај 2007 година**

**Скопје**

**Заменик на претседателот Владата на РМ**

**мр Зоран Ставрески, с.р.**